Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 29.09.2020

Полициски службеници од СВР Скопје – ЕВР Аеродром и Драчево ја лишија од слобода Д.С.(31) од Скопје поради постоење основи на сомнение дека на 27.09.2020 во 20.00 часот во угостителски објект на ул.„Иван Хаџиниколов" во Скопје украла пари од Н.Р.(48) од с.Мороишта, струшко. Според пријавеното, во наведеното време таа во тоалетот на угостителскиот објект од Н.Р. одзела 500 евра и 3000 денари. Набргу потоа, по преземени мерки, Д.С. била пронајдена и кај неа биле пронајдени парите. Таа била лишена од слобода и по целосно документирање на случајот против неа ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 29.09.2020 во 00.10 часот, полициски службеници од СВР Скопје во Градскиот парк го лишиле од слобода Б.Ќ.(28) од Скопје затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.09.2020 во 23.45 часот, полициски службеници од СВР Скопје на автопатот Скопје-Миладиновци го лишиле од слобода И.В.(20) од Струмица затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена прашката материја. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 29.09.2020 во 06.40 часот, врз основа судска наредба за издржување на казна затвор во траење од една година и шест месеци за кривично дело по член 215, полициски службеници го привеле лицето Е.И.(40) од Тетово. Тој бил спроведен во казнено-поправната установа - затвор Идризово.

На 28.09.2020 во 19.10 часот било пријавено дека на магистралниот пат Кичево-Гостивар, кај с.Зајас, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило „фолксваген голф" со кичевски регистарски ознаки, управувано од Д.Б.(21) од с.Грешница, кичевско и патничко моторно возило „мерцедес" со албански национални ознаки, управувано од Б.Е.(39) од Р.Албанија. Во незгодата Д.Б. се здобила со тешки телесни повреди, а сопатникот од истото возило Г.Б.(46) се здобил со телесни повреди, констатирани во Медицинскиот центар Кичево. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од Полициската станица Кичево.

На 28.09.2020 во 09.30 часот било пријавено дека на ул.„Боро Кралевски" во Скопје се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило „цитроен" со скопски регистарски ознаки, управувано од Г.Ј.(46) од Скопје и патничко моторно возило „форд" со скопски регистарски ознаки, управувано од В.З.(44) од Скопје. Во незгодата се тешки телесни повреди се здобила Г.Ј., констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје.

На 28.09.2020 во 16.00 часот во Полициската станица Тетово бил приведен косовскиот државјанин М.Љ.(23), кој поради илегален влез во земјата бил лишен од слобода од полициски службеници на Полициската станица за граничен надзор Рогачево. М.Љ. бил предаден во Отсекот за прекуграничен криминал, миграции, странци и readmisija Тетово за натамошна постапка.

На 29.09.2020 во 06.47 часот во Полициската станица Штип, пријавено е дека на магистралниот пат Радовиш-Штип, кај место викано „8-ми километар" Штип се случила сообраќајна незгода помеѓу автобус, со струмички регистарски ознаки, управуван од З.Н.(42) од Струмица и товарно возило комбе „ежо боксер", со струмички регистарски ознаки, управувано од Б.Ј. (63) од с.Добрејци, струмичко. Во незгодата со телесни повреди се здобиле возачот на автобусот и 16 сопатници, припадници на Армијата на Република Северна Македонија и сопатникот В.Ј.(58) во товарното возило комбе. Увид на местото на незгодата е извршен од страна на Јавен обвинител и увидна екипа на СВР Штип, а на увидот присуствуваа и тим на воената полиција.

На 28.09.2020 околу 22.00 часот, од имот во атарот на кичевското с.Мамудовци на Д.З.(40) од с.Туин, одземени се огревни дрва, за кои не поседувал соодветна документација. Со него и Б.Т.(29) и М.Т.(51), двајцата од Мамудовци, како и Л.З.(18) и Б.М.(27), двајцата од Туин бил извршен разговор во Полициското оделение Осломеј, бидејќи во 21.40 часот со своите возила блокирале локален пат во с.Мамудовци. По целосно документирање на настанот, ОВР Кичево ќе поднесе соодветна пријава.

На 28.09.2020 околу 12.40 часот на бул.„Словенија" во Скопје, на влез за с.Визбегово, полициски службеници сопреле патничко возило „дачиа дастер", со скопски регистарски ознаки, управувано од И.И.(54) од Скопје, во кое сопатници биле три лица. Притоа, полициските службеници констатирале прекршок и му издале записник на возачот. Малку подоцна, на бул. „Словенија", во близина на крстосницата со магистрален пат Скопје-Блаце, на службеното возило управувано од полициските службеници му бил пресечен патот од возилото „дачиа дастер" и од него излегол И.И. и трите лица, од кои едно од нив физички нападнало полициски службеник. Набргу потоа, возачот и другите лица биле пронајдени и приведени во полициска станица. Станува збор за А.И.(51), Р.И.(56) и М.И.(53), сите од Скопје. По целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.09.2020 во 19.20 часот во Полициската станица Куманово бил приведен А.Ј.(25) од Куманово, затоа што претходно воугостителски објект на ул„Гоце Делчев" во Куманово физички ја нападнал својата девојка. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.09.2020 во 19.15 часот во Полициската станица Карпош, од касарната „Илинден" било пријавено дека на околу 100 метри од касарната во правец кон бул.„Словенија" неколку лица испукале огномет, а потоа се слушнале поединечни истрели од оружје, по што повторно имало огномет. Според пријавеното, додека траело второто испукување на огномет, едно испукување завршило во оградата од касарната. Нема повредени лица и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.09.2020 во 14.30 часот во СВР Скопје, К.И.(25) од с.Волково, скопско, пријавил дека во 14.20 часот на ул.„Манапо" бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.09.2020 во 11.44 часот во СВР Скопје било пријавено дека на „Кванташки пазар" бил нарушен јавниот ред и мир со физички напад од неколку лица врз Е.К.(55). Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.09.2020 во 11.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Комплекс клиники „Мајка Тереза" со тешки телесни повреди бил донесен В.М.(47) од с.Пезово, по чие кажување се повредил додека работел на покрив од фабрика во Скопје. За настанот бил известен трудов инспектор.

На 28.09.2020 во 10.00 часот во Полициската станица Чаир, М.К. од Скопје пријавил дека на 27.09.2020 околу 23.30 часот на ул.„Гоце Стојчевски", две лица му се заканиле со остар предмет и физички го нападнале, по што му одзеле пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.09.2020 околу 16.00 часот во Полициската станица Бит Пазар, А.А.(44) од Скопје пријавила дека од домот се одалечила нејзината малолетна ќерка М.А.. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Ј.Ѓ.(35) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје и распрскувачки материјали". На 27.06.2020 во автокампот „Градиште", при преглед извршен во патничко возило „пежо", полициски службеници пронашле и одзеле пиштол, кој нелегално го поседувал.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против Д.В.(38) од Кичево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „спречување на службено лице во вршење службени дејствија". Тој, на 13.09.2020 на шумски пат кај кичевското с.Кнежино, со физички напад се обидел да спречи полициски службеници во преземање службени дејствија кон возач на товарно возило кој, превезувал 15 метри просторни огревно дрво без соодветна документација.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против З.Е., Р.З. и З.А., сите од с.Банско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „разбојништво". На 26.08.2020 во атар на с.Габрово, првопријавениот, кој имал гасен пиштол, заедно со второпријавениот, кој имал остар предмет и третопријавениот, кој имал дрвен предмет, на лица - мигранти им одзеле пари и телефони.

На 29.09.2020 во 01.15 часот во Полициската станица Кисела Вода, М.Ц.(19) од Скопје пријавил дека околу 01.00 часот тој и Д.Т.(19), М.А.(19) и 17-годишник на ул.„Саса" застанале со патничко возило „југо", при што тројца од нив излегле од возилото, а во него останал само Д.Т.. Според пријавеното,, во тој момент дошле повеќе лица од кои тројца влегле во возилото и физички го нападнале Д.Т., а со тврд предмет го оштетиле возилото. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.